ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-212/9**

**Дата: 03.03.2011**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година.

Универзитетската клиника нема увид над реалниот потрошок на лековите и медицинските материјали, евиденцијата на лековите и медицинските материјали не е целосна, нема увид над залихите во магацинот за лекови и медицински материјали и секоја организациона единица поодделно, истите не се потврдени со извршениот попис со што е оневозможено следење на нивното трошење и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба.

Поради ваквата состојба ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење да превземат мерки за воспоставување на целосна материјална и финансиска евиденција на лековите и медицинските материјали на ниво на Универзитетската клиника, Болничката аптека и по организациони единици (одделенијата).

Извршено е несоодветно усогласување на состојбата во материјалната и финансиската евиденција со фактичката состојба утврдена со попис, при што утврдените разлики за кусок и вишок се сведени на состојба по попис, без да се утврдат причините за несогласувањето, што влијае на реалното и објективното искажување на податоците, како и на потврдувањето на целосноста и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.
Ревизијата препорачува Работоводниот орган на Универзитетската клиника да донесе и воспостави процедура за вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни позиции.

Информациониот систем/софтвер за амбулантско и болничко работење и софтвер за финансиска, магацинска и материјална евиденција, персонална евиденција и пресметка на плати, не е целосно интегриран и не се користат сите можностите кои истиот ги нуди, констатирани се неправилности при негово користење, што има за ефект податоците во финансиските извештаи да не се целосно и точно искажани.
Ревизијата препорачува Универзитетската клиника да обезбеди целосно имплементирање и интегрирање на информациониот систем, поврзување на материјалната евиденција со софтверот за амбулантско и болничко работење, заради надминување на утврдените слабости, да спроведе соодветни обуки за вработените корисници на апликациите и да овозможи непречено користење на апликациите заради обезбедување точни, навремени и целосни податоци.

Со ревизија на извршените набавки на стоки, услуги и работи согласно Законот за јавните набавки, утврдено е дека нема определено лица или организациски облик за вршење на работите во врска со следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, поради што ревизијата не можеше да ја потврди доследноста на реализацијата на договорите по количини и цени.
Со оглед на обемноста на договорите за јавни набавки во однос на многубројноста на лековите и медицинските материјали, назначувањето на одговорно лице за следење на реализацијата на договорите претставува неопходност.

Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови. Ако се имаат во предвид Законот за здравствена заштита и Законот за лековите, ревизијата констатира дека законските одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно сите права и одговорности.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 22-24 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника за Нефрологија за 2009 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетска клиника за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за Нефрологија, застапувана од:

- Д-р Александар Шиколе, в.д. Директор на Универзитетската клиника од 08.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во

финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника. Воспоставената евиденцијата за магацинот лекови и медицински материјали и организациони единици не е целосна и не е потврдена со извршениот попис.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.09.2010 до 16.11.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 21.12.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 10-212/1 од 21.01.2011 година.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

4.1.1. Универзитетската клиника нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите и медицински потрошен материјал, медицински помагала, потрошен материјал за дијализа и немедицински материјал во рамките на магацините и секоја организациона единица, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола. Не постои разграничување на должностите и одговорностите на лицата ангажирани за прием и издавање на лековите и медицинскиот потрошен материјал, со што е оневозможено ефикасно управување со залихите. Воспоставените контроли при евиденција на лековите и медицинските материјали не овозможуваат целосна контрола на количини и цени согласно склучените договори. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат точност, целосност и навременост на податоците поврзани со приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицинските материјали, медицински помагала, потрошен материјал за дијализа и немедицински материјали.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во 2009 година функцијата директор на Универзитетската клиника ја врши едно лице, вршител на должноста (в.д.) директор од областа на медицината. По истекот на законски предвидениот рок за именување од шест месеци, не е именуван директор, што не е во согласност со член 137-г од Законот за здравствената заштита. Во текот на 2009 година Универзитетската клиника има спроведено конкурс за именување на директор, кој треба да се состои од две лица, и записникот со целосната документација е испратен до Министерството за здравство. Од страна на министерството, не е донесено решение за именување на директор иако согласно законот оваа обврска е потребно да се реализира во рок од 30 дена од денот на доставувањето на документација. Ваквиот начин на раководење не овозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и во преземањето на обврските во правниот промет.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на вршење на ревизијата од страна на в.д. директорот со допис бр. 02-734/4 од 28.10.2010 е побарано од Министерството за здравство да дадат насоки во врска со спроведениот конкурс и именување на директор како работоводен орган на Универзитетската клиника. До денот на завршување на ревизијата не е добиен одговор од страна на Министерството за здравство.

**Препорака:**
Министерството за здравство потребно е да именува директор на Универзитетската клиника, согласно начинот, условите и роковите предвидени во Законот за здравствената заштита.

4.2.2. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да воведе Единица за внатрешна ревизија.

4.2.3. Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Медицинскиот факултет Скопје и Универзитетската клиника, согласно која наставниците и соработниците правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, а пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи.

Во текот на 2009 година, наставниците и соработниците, правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника и немаат засновано работен однос, односно немаат склучено договор за вработување со Медицинскиот факултет, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба и член 28 од Законот за работните односи, согласно кој договорот за вработување треба да содржи одредби за висината на плата, сразмерно на одредбата дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време.

За вршење на образовната и научноистражувачка дејност на Универзитетската клиника, трансферирани се средства од страна на Медицинскиот факултет во износ од 1.807 илјади денари и истите се исплатени на наставниците и соработниците, како додаток на плата.

Поради не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, како основа за исплата на плата и придонеси, на оваа категорија вработени, Универзитетската клиника исплатила

плата за полно работно време и во исто време и надоместок на плата за часови на работа поминати на Медицинскиот факултет.

Во врска со утврдување на работното време на наставниците и соработниците вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно научни, научни и соработнички звања на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Медицински факултет Скопје од страна на в.д. директорот донесена е Одлука бр. 0202-639/2 од 27.08.2010 година, со која извршено е разграничување на полното работно време на избраните лица во звања кое го остваруваат во двете установи.

**Препорака:**

Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет, да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување на наставниците и соработниците со двете установи сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност.

4.2.4. Универзитетската клиника има воспоставено материјална евиденција на залихите, која не е целосна и хронолошка и истата не овозможува следење по вид, количина и вредност, одделно по магацини и организациони единици. Материјалната евиденција на лекови по количина и цена ја врши материјалниот книговодител врз основа на фактура и испратница од добавувачот, потпишана од лицето кое извршило прием. Ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со член 11 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- за испорачаните количини на лекови и медицински материјали од магацинот до организационите единици не се изготвува документ за издавање (испратница) и за истото не е воспоставена материјална и финансиска евиденција за раздолжување, односно раздолжувањето се врши врз основа на месечни извештаи за потрошок по организациони единици.
- не е воспоставена материјална евиденција на набавениот канцелариски материјали, средствата за хигиена, потрошните немедицински материјали и ситниот инвентар, а со исплата на обврската кон добавувачите евидентиран е само расход.
- не е воспоставена материјална и финансиска евиденција за прием на лекови и медицински материјали по организациони единици. Потрошените лекови и медицински материјали се искажани во рачни месечни прегледи за вкупно потрошено по организациони единици, без да бидат потврдени со

стационарните пресметки и софтверски да се раздолжат во материјалната евиденција.

Неправилно воспоставена материјална и финансиска евиденција на залихите не овозможува разграничување/лоцирање на материјалната одговорност кај лица при располагањето и контрола на трошењето, поради што ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната вредност на залихите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки и активности за воспоставување на материјална и финансиска евиденција на лековите и медицинските материјали, целосно задолжување на лицата кои располагаат и управуваат со нив, следење на залихите по вид, количина и вредност за магацините и организационите единици, евидентирањето на промените да се заснова на документ за прием и издавање, како и автоматско поврзување на материјалната евиденција со софтверот за амбулантско и болничко работење.

4.2.5. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година состојба на залихите во износ од 12.132 илјади денари, ревизијата констатира неправилно воспоставена процедура при вршењето на пописот и несоодветно усогласување на сметководствената со фактичката состојба констатирана со пописот, што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и со член 31, член 31а и член 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Имено, извршено е несоодветно усогласување на состојбата од материјалната и финансиската евиденција со фактичката состојба утврдена со попис, при што утврдените разлики - кусок во износ од 1.712 илјади денари и вишок од 1.246 илјади денари, се сведени со состојба по попис, без да се утврдат причините за несогласување. Утврдените разлики не се презентирани на Централната комисија за попис и за истото не е даден предлог за книжење на кусоците, односно вишоците на средствата и не се презентирани забелешки и објаснувања за настанатите разлики од страна на лицата што ракуваат со истите.

При разгледување на Извештајот за извршениот попис, оневозможено е одговорното лице на Универзитетската клиника да ги констатира разликите и утврди начин на постапување за утврдените кусоци и вишоци, начин на нивно книжење како и

превземање на мерки против лицата одговорни за настанатите кусоци.

Вршењето на нецелосен и неправилен попис, неправилно усогласување на сметководствената со фактичката состојба, има влијание врз реалното и објективното искажување на податоците, како и на потврдувањето на целосноста и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да донесе и воспостави процедура за вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни позиции.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1. За давањето и користењето на здравствените услуги од страна на другите јавни здравствени установи, Универзитетската клиника нема склучени договори за регулирање на меѓусебните права и обврски (освен со три Универзитетски клиники), што не е во согласност со член 13 од Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита склучен со ФЗОМ. Поради не извршено уредување на видот, обемот, условите и начинот на давање на услугите како и условите и начинот на користење и плаќање на истите, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во износ од 1.403 илјади денари и остварените приходи во износ од 2.728 илјади денари по овој основ.

Во 2010 година Универзитетската клиника има склучено договори за регулирање на меѓусебните права и обврски како давател на услуги со сите ЈЗУ, а како корисник на услуги со 2 (две) ЈЗУ и Медицински факултет.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника за користењето на здравствените услуги со другите јавни здравствени установи да преземе мерки за склучување договори за регулирање на меѓусебните права и обврски.

4.3.2. Завршната сметка доставена до Државниот завод за ревизија (печатени обрасци) се разликува во однос на доставената во текот на ревизијата (рачно пополнети обрасци). Имено, износите на расходите искажани по поединечни ставки во финансиските извештаи не се усогласени со истите во сметководствената евиденција за износ од 19.029 илјади денари, како и материјалните средства и изворите на средства во износ од 350 илјади денари. Нереалното искажување на податоците во основните финансиски извештаи не е во согласност со член 22 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На крајот на фискалната година не е извршено заклучување и поврзување на деловните книги и истите не се потпишани од овластено лице заради потврдување на точноста и усогласеноста на податоците. Не е извршено усогласување на податоците од страна на одговорниот работник, не е извршена контрола од раководителот на службата, поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да ја утврди причината за ваквата неусогласеност и да превземе мерки за утврдување на одговорност за ваквата состојба.
На крајот на секоја деловна година да се врши заклучување и поврзување на деловните книги, кои податоци понатаму ќе бидат основа за изработка на финансиските извештаи.

4.3.3. Врз основа на буџетскиот плафон, утврден од страна на ФЗОМ со Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година, Универзитетската клиника изработува Финансиски план на одобрените средства за 2009 година (Проекција на приходи и расходи), со утврдени намени за нивно користење. Во текот на 2009 година истиот е реализиран во повисок износ од 3.802 илјади денари, за кој износ не е извршено усогласување на финансискиот план. Ваквата состојба придонесува Универзитетската клиника да користи средства без одобрение од страна на ФЗОМ како и да нема увид во наменското користење на средства.

Со измените на Законот за здравственото осигурување, почнувајќи од 01.01.2011 година, се менува системот за финансирање на јавните здравствени установи, во однос на начинот и роковите на изготвување на годишниот план за

приходи и расходи, негово донесување, извршување, изменување и дополнување.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Универзитетската клиника да вршат измена на годишниот план за приходи и расходи, согласно секоја измена на одобрените средства од страна на ФЗОМ.

**Биланс на состојба**

4.3.4. Не е воспоставена евиденција на побарувања по основ на пресметана партиципација, поради евидентирање на износот на уплатената партиципација во износ од 3.004 илјади денари, што не е во согласност со член 18 од Договорот за извршување на здравствени услуги, склучен со ФЗОМ. Универзитетската клиника води рачна евиденција на вкупно пресметаната партиципација за 2009 година која изнесува 3.801 илјади денари. Невоспоставената евиденција на пресметаната, а ненаплатена партиципација, придонесува побарувањата по овој основ да се нереално и необјективно прикажани во износ од 797 илјади денари, за кој износ постои неизвесност за наплата како приход на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Раководителот на сметководство да воспостави сметководствена евиденција на пресметана и наплатена партиципација на секоја организациона единица поодделно.

4.3.5. Универзитетската клиника во текот на 2008 година извршила прием на опрема од Министерството за здравство со записник, во кој е утврдена фактичката состојба на примената опрема за новата амбуланта. Со Записникот се утврдени само поединечни количински показатели на опремата, без утврдена вредност и истата не е евидентирана во сметководствената евиденција на Универзитетската клиниката, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради не утврдена вредност на опремата, состојбата на средствата во Билансот на состојба не е реално и објективно прикажана.
Во текот на вршење на ревизијата Универзитетската клиника достави барање број 05-802/1 од 04.11.2010 година и ургенција на

барањето бр.05-802/2 од 22.12.2010 година до Министерството за здравство за обезбедување на податоци за вредноста на опремата за новата амбуланта.

**Препорака:**
Раководителот на сметководство по добивање на податоци за вредноста на опремата во новата амбуланта, да воспостави материјална и финансиска евиденција на истите.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. Универзитетската клиника во текот на 2009 година извршила исплата на средства на ЈУ од обласна на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје (во натамошниот текст Јавна установа) во износ од 594 илјади денари, како месечен паушал, без доказ за извршена работа за машино-браварски услуги, одржување канализациона инсталација, столарски услуги, градежно занаетчиски услуги и обезбедување на просториите. Исто така, за овој вид на услуги Универзитетската клиника исплатила средства за реално извршени услуги од добавувачите, ангажирани од ЈУ од областа на здравството, без склучен посебен договор за групна набавка, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавните набавки.
Исплатата е вршена врз основа на Ценовник за услуги од ЈУ од областа на здравството, каде е утврдена месечна цена по м2, што не е во согласност со член 10 од Договорот, склучен со Јавната установа, бр.0307-479/5 од 16.02.2009 година, во кој се предвидува плаќање на надоместок за извршени услуги и работи, а не плаќање на месечен паушал. Ваквиот начин на исплата придонесува да се врши исплата на средства за услуги и работи кои не се во согласност со одредбите од склучениот договор.

**Препорака:**
Исплатата за извршените услуги и работи да се врши врз основа на фактура, согласно реално извршените услуги и работи за потребите на Универзитетската клиника, како и да се склучи посебен договор за групна набавка, заради дефинирање на меѓусебните права и обврски.

4.4.2. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година во вкупен износ од илјади денари, извршивме ревизија на 13 од вкупно 35 спроведени постапки. Опфативме 81% од вредноста на склучените договори односно износ од 244.380

илјади денари и констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки и тоа:

- во текот на 2009 година по спроведена постапка за јавна набавка на лекови бр.10/2009, медицински помагала и потрошен материјал за хемодијализа бр.11/2009, средства за одржување на хигиена бр.0201-48/1 и на медицински санитетски и друг потрошен материјал бр.0201-51/1 склучени се договори во износи кои не се во рамките на Одлуките за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки. Со склучување на договорите има надминување на износот на одлуките за јавна набавка од 51.727 илјади денари,

  Од страна на Универзитетската клиника по склучените договори доставен е преглед на податоци за реализација на истите во тековната 2009 година и 2010 година, според кои не се прикажани надминувања на вредноста на донесените одлуки,
- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки,
- директорот на Универзитетската клиника нема определено лица или организациски облик за вршење на работи за реализацијата на договорите со следење на реализацијата на количините и цените, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки. Поради наведената состојба, ревизијата не може да се увери во доследноста на реализацијата на договорите по количини и цени и
- извршени се набавки во висина од 594 илјади денари, без склучен договор за групна набавка со ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје за набавка на медицински потрошен материјал, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавни набавки.

  Во 2010 година склучен е договор за групна набавка со ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје.

Поради горе наведените недоследности Универзитетската клиника не обезбедува целосна транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки, ефикасно искористување на средствата во постапките, како и следење на реализацијата за условите утврдени во договорите за јавни набавки.

**Препорака:**
Вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

### 4.5. Информационен систем

4.5.1. Универзитетската клиниката во текот на 2009 година користи два посебни апликативни софтвери за материјална и финансиска евиденција, софтверот за амбулантско и болничко работење како посебен апликативен софтвер за фактурирање, кои ги одржуваат два надворешни субјекти. Софтверот за амбулантско и болничко работење и софтверот за финансиската, магацинската и материјалната евиденција, персонална евиденција и пресметка на плати, не е целосно интегриран и не се користат сите можностите кои истиот ги нуди. Ревизијата констатира неправилности при негово користење, што има за ефект податоците во финансиските извештаи да не се целосно и точно искажани.

Во текот на 2010 година Универзитетската клиника има склучено договор за одржување на апликативни софтвери за сметководствено и материјално работење и апликативен софтвер за фактурирање со еден надворешен субјект.

**Препорака:**
Ревизијата препорачува Универзитетската клиника да обезбеди интегрирање на информациониот систем, поврзување на материјалната евиденција со софтверот за амбулантско и болничко работење, заради надминување на утврдените слабости, да спроведе соодветни обуки за вработените корисници на апликациите и да овозможи непречено користење на апликациите заради обезбедување точни, навремени и целосни податоци.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесените констатации во точките 4.2.4, 4.2.5, 4.3.2, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоци за приемот, потрошокот и состојбата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција, неправилно воспоставена процедура при вршење на пописот и усогласување на фактичката со состојбата во сметководствената евиденција согласно законската регулатива, воспоставената материјална

евиденција по организациони единици која не е целосна и не се води хронолошки, неусогласеност на сметководствената евиденција со финансиските извештаи, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.4, 4.2.5, 4.3.2. и 4.3.5. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија Скопје на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точките 4.2.4, 4.2.5. и 4.3.2, 4.3.3. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за Нефрологија Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.
Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на јавните здравствени

установи, односно универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствените установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за пружање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),
- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, ( член 111 од Законот за здравствена заштита) и
- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатиравме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно нивните надлежности и одговорности.

Универзитетската клиника во Статутот и Правилникот за организација и систематизација нема предвидено посебна организациона единица болничка аптека, за набавка, сместување, чување и издавање на лекови и санитетски материјални средства, ниту работно место со предвидени работи и работни задачи, права и обврски. Имајќи во предвид дека во здравствените установи најголемиот дел од набавките се однесуваат на лекови и медицински материјали, неопходно е во статутот или актот за организација на работата, да се предвиди посебно работно место, со соодветна стручна спрема, со работни задачи околу снабдување, сместување, чување, издавање и контрола на лекови, со соодветна стручна спрема заради непречено извршување на истите.

Универзитетската клиника има просторни услови за болничка аптека, а поради необезбедена согласност за вработување на стручно лице – фармацевт, во целост не ги исполнува условите за добивање одобрение за вршење на дејност на болничка аптека предвидени со член 81 и 82 од Законот за лекови. Во текот на ревизијата од страна на в.д. директорот на Универзитетската клиника поднесено е барање до Министерство за здравство за вработување на кадар на неопределено време кој во подолг временски период недостасува, меѓу кои и дипломиран фармацевт.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. На ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 2.752 илјади денари

7.2. Плаќањето на здравствените услуги од страна на ФЗОМ за здравствено осигурување на Македонија се врши во висина на вкупниот надоместок утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита во износ од 184.020 илјади денари. Во текот на 2009 година, Универзитетската клиника извршила здравствени услуги за осигурени лица на товар на ФЗОМ во вкупен износ од 205.128 илјади денари, односно 21.108 илјади денари над договорениот вкупен надоместок.

Во деловните книги на Универзитетската клиника побарувањата од ФЗОМ за извршени здравствени услуги во износ 21.108 илјади денари се

пренесени како почетна состојба за тековната 2010 година, иако во член 13 од договорот е наведено ........„Доколку износот на средствата што здравствената установа го фактурирала ......... е поголем од износот на утврдениот договорен износ, здравствената установа го отпишува побарувањето ..... .

Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој ФЗОМ го исплаќа за извршени здравствени услуги, Универзитетската клиника ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на ФЗОМ со што ќе се намалува ликвидноста и ќе се доведе во прашање нејзиното функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

Исто така, поради оваа состојба на извршени, а неплатени здравствени услуги од страна на ФЗОМ (заради лимитираниот надоместок), износот на доспеани неизмирени обврски кон добавувачи во земјата на ден 31.12.2009 година изнесува 58.891 илјади денари.

7.3. Универзитетската клиника покрај здравствените услуги од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита врши и здравствени услуги за хемодијализа кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција, за чие успешно лекување, оптимално е потребно секој пациент да биде три пати неделно третиран со дијализа односно потребни се 156 дијализи за секој пациент годишно.

Со Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита склучен помеѓу Универзитетската клиника и ФЗОМ за 2009 година предвидено е фактурите за извршени здравствени услуги за осигурени лица да се изготвуваат според утврдени референтни цени, а ФЗОМ заклучно со септември 2009 година нема утврдена референтна цена за здравствени услуги за хемодијализа.

Во 2009 година, ФЗОМ има донесено Одлука за утврдување на референтна цена за хемодијализа кај хронична бубрежна инсуфициенција во висина од 4.855 денари, со важност од 01.10.2009 година, која ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кои ја извршуваат услугата, трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето, лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата. Универзитетската клиника почнувајќи од октомври 2009 година фактурирањето за дијализа кон ФЗОМ го врши согласно донесената одлука по цена од 4.855 денари.

Фактурирањето до ФЗОМ за извршените хемодијализи на осигурени лица за периодот јануари - септември 2009 година, Универзитетската клиника го вршела по цена од 4.100 денари за еднократна дијализа која

цена е определена со Програмата на Министерството за здравство за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа за 2008 година, а се однесува за лица без основ на осигурување.

Ваквиот начин на фактурирање за периодот од јануари до септември 2009 година, не овозможува да бидат покриени трошоци кои се прават за една хемодијализа содржани во цената утврдена од ФЗОМ во износ од 4.855 денари. Универзитетската клиника до ФЗОМ доставила фактури за извршени 20.628 хемодијализи во вкупен износ од 84.576 илјади денари, по цена пониска од реферетната цена, која е утврдена со Одлуката на страна на ФЗОМ, со што е прикажан помал обем на здравствени услуги во висина од 15.574 илјади денари, кој износ од страна на ФЗОМ не е земен како еден од критериумите за утврдување на висината на надоместокот за наредна година.

7.4. Прифатени и коригирани неправилности од страна на Универзитетската клиника во текот на ревизијата:

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2010 година и изработен е налог за сторно, за намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за износ од 41.334 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење со кој се сторнира погрешно евидентирана опрема, за која Универзитетска клиника во 2003 година има воспоставена евиденција.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 7,745 | 5,570 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 188,336 | 174,973 |
| **Вкупно приходи** | | **196,081** | **180,652** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 75,896 | 70,818 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 119,683 | 108,043 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **195,579** | **178,987** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 500 | 1,655 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **500** | **1,655** |
| **Вкупно расходи** | | **196,079** | **180,642** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **2** | **10** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4 | 10 |
| Побарувања | 4.1.2. | 26,285 | 74,371 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 0 | 122 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 0 | 352 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 0 | 15 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 65,080 | 51,094 |
| Залихи | 4.1.7. | 13,400 | 13,685 |
| **Вкупно тековни средства** | | **104,769** | **139,649** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2. | 4,826 | 4,740 |
| Материјални средства | 4.2. | 24,874 | 56,579 |
| **Вкупно постојани средства** | | **29,700** | **61,319** |
| **Вкупна актива** | | **134,469** | **200,968** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 58,891 | 44,572 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 454 | 1,424 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 1,758 | 9 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 0 | 352 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.5. | 0 | 2 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.6. | 3,645 | 4,825 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.7. | 26,285 | 74,371 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **91,033** | **125,555** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 43,436 | 75,413 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **43,436** | **75,413** |
| **Вкупна пасива** | | **134,469** | **200,968** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **62,283** | **13,130** | **75,413** |
| **Зголемување по основ на:** | **13,005** | **130,900** | **143,905** |
| Набавки | 13,005 | 130,900 | **143,905** |
| **Намалување по основ на:** | **44,394** | **131,488** | **175,882** |
| Амортизација | 3,060 | | **3,060** |
| Спроведена корекција | 41,334 | | **41,334** |
| Потрошок на залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар | | 131,488 | **131,488** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **30,894** | **12,542** | **43,436** |